**Известување за концентрација со која АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.,Словенија и ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, Хрватска ќе стекнат заедничка контрола над дел од претпријатието Лајтхаус Инвестментс, вложувања во недвижности д.о.о Словенија**
**(предмет бр. 08-112/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 31.07.2024 година, а дополнето на 06.08.2024, 07.08.2024 и на13.08.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЛФИ РЕ управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Ljubljana, Словенија и ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, со седиште на Ивана Лучиќа 2а, 10000 Загреб, Хрватска во свое име а за сметка на ЕРСТЕ ПЛАВИ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД ОД Б КАТЕГОРИЈА со седиште на Ивана Лучиќа 2А, 10000 Загреб, Хрватска ќе стекнат заедничка контрола, над дел од претпријатието Лајтхаус Инвестментс, вложувања во недвижности д.о.о Копер, Анкаранска цеста 2, 6000 Копер – Каподистриа, Словенија преку неколку меѓусебно поврзани и зависни трансакции кои вклучуваат купување на средства .

Целта на АЛФИ РЕ Фондот е да генерира принос за инвеститорите преку инвестиции во комерцијални недвижности. Фондот инвестира во портфолио на комерцијални и канцелариски недвижности, логистички и медицински центри. Единствената цел на Фондот е да ги инвестира средствата собрани од инвеститорите во согласност со инвестициската политика во портфолио од повеќе имоти со цел диверзификација на ризиците, а во исто време управителот на Фондот исто така обезбедува професионално управување и одржување на имотот. преку внимателно избрани изведувачи.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Регистрирана дејност на АЛФИ РЕ е: активности на управување со фондови.

АЛФИ Групата моментално има 1 поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје со ЕМБС

6577857 со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинства.

Регистрираната дејност на ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

ЕРСТЕ д.о.о. – друштво за унапредување со задолжителни и доброволни пензиски фондови управува со три задолжителни пензиски фондови и осум доброволни пензиски фондови во Хрватска.

Групацијата ЕРСТЕ нема поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија:

Регистрираната дејност на Друштвото Лајтхаус Инвестментс кое е сопственик на средствата кои се предмет на Трансакцијата е тргување со сопствен недвижен имот.

Лајтхаус Инвестментс нема поврзани друштва регистрирани во Северна Македонија, ниту има остварено промет на релевантниот пазар во Северна Македонија во 2023 година.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар за предметната концентрација би можел да се дефинира пазарот на изнајмување и работење со сопствен или изнајмен недвижен имот. Релевантен географски пазар е пазарот на Република Словенија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.08.2024 година
Скопје